СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-913/2

21.03.2025 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 47-ма вонредна седница на Советот на Општина Кичево на ден 21.03.2025 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Виктор Алексоски, Сибел Туфекџи, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Арѓент Асани, Неџби Дервиши и Валбона Адили Емини.

Отсутни беа советниците: Ќамер Клоси, Миѓен Зендели, Рамазан Зулбеари и Иванчо Божиноски.

На седницата беа присутни и: Градоначалникот на општината-Фатмир Дехари, Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими -вработен во општинската администрација, вработени во општинската администрација и новинари од ТВ Ускана, ТВ 21 и МРТ.

Пред почетокот на седницата Претседателот на советот ги повика присутните да дадат едноминутно молчење на загинатите во пожарот на 16.03.2024 год. во дискотеката ,,Пулс„ во Кочани.

**Претседателот на советот** – Информира дека во негово име и во име на сите присутни изразува најискрено сочуство на загинатите во пожарот, а тие што се повредни да се вратат живи и здрави кај нивните блиски. Истакна дека оваа седница е вонредна и согласно Законот за локална самоуправа вонредна седница може да свика Претседателот на советот по сопствена иницијатива или на барање на 1/3 од членовите на советот. Исто така, пред почетокот на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница. Информира дека советниците знаат оти ова седница е свикана за немилиот настан во Кочани и таа е со цел да им се излезе во пресрет и финансиски да се помогнат семејствата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување оправданоста на свикување на вонредната седница и истата се усвои со 17 гласа ЗА.

За оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н   Р Е Д</u>**

1. Предлог Одлука за користење на средства од постојаната и тековната резерва на Буџетот на Општина Кичево

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1. ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за користење на средства од постојаната и тековната резерва на Буџетот на Општина Кичево

**Претседателот на советот** отвори дискусија за точката, но никој не се јави за збор. Потоа информира дека, се користени сите можности од резервите на буџетот на општината, за да општината излезе во пресрет и финансиски им помогне на семејствата на настраданите и на повредените лица во пожарот во Кочани.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за користење на средства од постојаната и тековната резерва на Буџетот на Општина Кичево и истата едногласно се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот се заблагодари за присуството и им посака сила на семејствата на загинатите.

Бидејќи, со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 10 часот и 15 минути.

| | |
|---|---|
| Записничар | Совет на општина Кичево |
| Ленче Србиноска | Скендер Џабири |